Република Македонија
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДП бр.02-220/18-4
05.04.2018 год.
С К О П Ј Е

Друштво за производство, трговија и услуги
ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0307-535
05-04 2018 год.
Пласница

## ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА ГОРИВА НА МОТОРНИ(СЛУЖБЕНИ) ВОЗИЛА (СО БЕЗГОТОВИНСКО ПЛАЌАЊЕ)

Склучен на ден 05.04.2018 година помеѓу договорните страни:

1. **Република Македонија- Државно правобранителство на Република Македонија**, ул. Гоце Дечев бр. 18, ЕМБС 4067002 и ЕДБ 4030952338812 застапувано од Државниот правобранител на Република Македонија, во понатамошен текст набавувач и

2. **Друштво за производство, трговија и услуги "ПУЦКО ПЕТРОЛ" увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, ул. Населено место без уличен систем бр.1 с.** Пласница ЕМБС 5312566 и ЕДБ 4018999101772 застапуван од Одговорно лице Божанка Грозданова во понатамошен текст добавувач.

**Член 1**

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со набавка на горива за моторни (службени) возила (со безготовинско плаќање) за потребите на Државното правобранителство на Република Македонија, по спроведена постапка со барање за прибирање на понуди, со објавување на оглас бр.1-3/2018 во ЕСЈН во електронска форма и која заврши со електронска аукција како последна фаза во постапката ЈН бр.05-03/18.

### ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор е набавка на горива за моторни (службени) возила Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98 и ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) гориво за потребите на Државното правобранителство на Република Македонија (со безготовинско плаќање), а детален опис на предметот на договорот е даден во техничката спецификација од тендерската документација која е составен дел на овој договор.

### ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната вредност на Договорот изнесува 169.492,00 денари без вклучен ДДВ, односно 200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Набавувачот не се обврзува да ја искористиі целокупната вредност искажана во денари. Набавката ќе се врши сукцесивно согласно потребите на Набавувачот.

## ЦЕНА, УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 4

Вкупната цена на Договорот со сите вклучени трошоци и попусти и увозни царини доколку ги има, изнесува 160.25 денари без вклучен ДДВ, односно 189.09 денари со вклучен ДДВ, за 1 литар Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98 и ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V), согласно конечната понуда која е составен дел на овој договор.

Одобрен рабат по литар гориво искажан во денари за Еуросупер БС 95 е 0,55 денари, за Еуросупер БС 98 е 0,57 денари и ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) е 0,48, кој рабат изразен во денари ќе биде фиксен за цело времетраење на договорт за сите делови на предметот на договорот.

### Член 5

Добавувачот испорачаните количини на горивото ќе ги фактурира по цени валидни на денот на точењето на горивото и договорениот попуст, согласно последната Одлука за определување на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата на Регулаторната комисија за енергетика и согласно член 4 од овој Договор.

Цената по која ќе се врши испорака на предметот на договорот ќе биде утврдена на денот на испораката и истата ќе биде условена од последната Одлука на Регулаторната комисија за енергетика и задолжително ќе го вклучува понудениот рабат постигнат на електронската аукција, кој рабат изразен во денари ќе биде фиксен за цело времетраење на договорт за сите делови на предметот на договорот.

Како релевантен доказ за промената на цената на предметот на договорот ќе се користи Известување од Регулаторната комисија за енергетика објавено во Службен весник на РМ..

Авансно плаќање не е дозволено.

### Член 6

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го врши вирмански со безготовински картички на крајот на месецот, во рок од 15 дена од денот на приемот на фактура во Архивата на Набавувачот, при што со фактурата добавувачот доставува месечен извештај за испорачаното гориво за секое возило одделно со следните податоци:

-регистерски број на возилото, тип на гориво, количина, вкупна вредност и сметка за секое полнење на гориво со податок за состојба на километражата на возилото потпишана од Носителот на картичката и работник од бензиската станица каде е точено горивото, и други податоци согласно техничките можности на добавувачот.

## НАЧИН НА ПРИЕМ, РОК И ИСПОРАКА НА МОТОРНОТО ГОРИВО

### Член 7

Добавувачот е должен да ја врши испораката според потребите и барање на Набавувачот, сукцесивно, во секое време во временски период од

00-24,00 часот, во работни и неработни денови (викенд, ,државен и верски празник, прогласени за неработни денови) секогаш според потребите на договорниот орган, на секоја од бензинските пумпи на територија на Република Македонија во службените моторни возила на Набавувачот, за целото времетраење на договорот.

**Член 8**

Добавувачот е должен да издаде безготовински картички за гориво за возилата на Државното правобранителство на Република Македонија.

При користење на безготовинската картичка на Корисникот на возилото ќе му се издава сметка во два примерока од кој едната за носителот на картичката и една за добавувачот .

Сметката задолжително се потпишува од корисникот на возилото и од страна на Добавувачот.

Безготовинските картички се употребуваат од овластени корисници на возилата на Државното правобранителство на Република Македонија, на сите бензиски пумпи на добавувачот, само за купување на гориво, односно не е дозволено земање на готови пари по основ на истото или купување на друг производ.

Носителот на картичката е должен да го извести Добавувачот за:

-евентуално отуѓување на возилото и картичката да ја достави до Добавувачот,

-за поништување; губење или кражба на безготовинската картичка.

Одговорноста за направените трошоци заклучно со денот на пристигање на пријавата за губење, кражба или повлекување на безготовинската картичка од промет, во седиштето на издавачот на картичките, ќе биде на товар на носителот на картичката.

**Член 9**

Добавувачот е должен да достави атести за квалитет на испорачаното гориво во согласност со важечките стандарди на Република Македонија МКС ЕН ИСО-9000, кој ги исполнува барањата од македонските стандарди МКС ЕН-4500.

Квалитетот на горивото, Добавувачот го потврдува со Уверението за квалитет оформено согласно важечките прописи.

**Член 10**

Заради утврдување на декларираниот квалитет Набавувачот има право во секое време и по свој избор да земе примерок од моторното гориво во присуство на Добавувачот од самото место на точење на моторното гориво.

Земените примероци можат да се чуваат најдоцна 3 (три) месеци.

Доколку рекламацијата не биде прифатена од страна на Добавувачот тогаш заеднички земениот примерок од рекламираното гориво се анализира во овластена контролна лабараторија која спогодбено ја определуваат двете страни,

Резултатите од оваа контролна лабораторија се меродавни за двете страни.

Доколку биде констатирано отстапување од декларираниот квалитет во Сертификатот за квалитет трошоците за испитувањето кое е неопходно да се изведе заради несоодветниот квалитет, паѓаат на товар на Добавувачот, а доколку биде констатирано дека рекламацијата е неоснована во тој случај сите трошоци паѓаат на товар на Набавувачот.

## ДОГОВОРНА КАЗНА И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

Набавувачот има право да го раскине договорот поради неисполнување на обврските на Добавувачот, а особено:

-доколку Добавувачот не ја испорачува стоката во рокот определен во член 7 од одвој договор,

-доколку испорача стока која е неквалитетна или е несоодветна со спецификацијата.

Набавувачот, по констатирањето на настапувањето на некоја од причините за раскинување на договорот, писмено ќе го предупреди Добавувачот во дополнително оставен рок од 2 дена да ја отстрани причината.

Доколку добавувачот во дополнително оставениот рок не ја отстрани причината за раскинување, Набавувачот може да го раскине договорот. Набавувачот раскинувањето на договорот, ќе му го соопшти писмено на Добавувачот. За ден на раскинување на договорот се смета денот кога писмената изјава за раскинување на договорот е уредно доставена до Добавувачот согласно член 15 од овој договор.

Во случај на раскинување на договорот поради причините наведени во став 1 на овој член, Добавувачот е должен да му плати на Набавувачот договорна казна во износ од 20 % од вкупната вредност на Договорот.

Во случај ако штетата што ќе ја претрпи Набавувачот заради раскинување на договорот е поголема од договорната казна од став 3 на овој член, Добавувачот има обврска да му ја надомести на Набавувачот разликата до целосниот надомест на штетата.

## ВИША СИЛА

**Член 12**

Набавувачот и добавувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување и раскинување на Договорот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

Овој Договор стапува во сила од денот на неговото потпишување од страна на договорните страни.

**Член 14**

Договорот се склучува за период до исцрпување на износот на вкупната вредност на договорот утврден во член 3 став 1 од овој договор, но не подолго од 1 (една) година од денот на склучувањето на овој договор.

**Член 15**

Договорните страни се согласни доставувањето на сите писмена во врска со овој договор да се смета за полноважно ако е извршено во архивата на договорните страни или по пошта со препорачана пратка .

Договорните страни се согласни, доколку го променат живеалиштето-седиштето или доколку престојуваат надвор од своето живеалиште, за промената на живеалиштето- седиштето во рок од 3 дена од извршената промена да ја известат по пошта со препорачана пратка или лично со писмено известување, другата договорна страна, а во спротивно ќе се смета дека доставата на писмената е уредно извршена доколку е направен обид писмената да се предадат на наведените адреси, а договорните страни нема да бидат пронајдени на наведените адреси.

Доставата ќе се смета дека е уредно извршена доколку Добавувачот го одбие приемот на писмената.

**Член 16**

Добавувачот е должен да му ја надомести штетата што ја претрпел Набавувачот поради неисполнување или ненавремено исполнување на договорната обврска.

**Член 17**

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено. Доколку спорот не се реши спогодбено истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 18**

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредби од Законот за облигациони односи.

**Член 19**

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по два за секоја од договорните страни.

**Изработил :** Андријана Сливоска

| **НАБАВУВАЧ** | **ДОБАВУВАЧ** |
| --- | --- |
| **Република Македонија<br>Државно правобранителство на Република Македонија<br>Државен правобранител<br>на Република Македонија** | **Друштво за производство, трговија и услуги "ПУЦКО ПЕТРОЛ" увоз-извоз ДООЕЛ Скопје<br>Одговорно лице<br>Божанка Гроздановa** |